


Сашо Орданоски е истурена перјаница на СДС, сива еминенција на партијата и еден од главните советници на Заев и Филипче.

Настапите на Сашо Орданоски секогаш биле на линија на СДС, тој ги величал шефовите на таа партија и работел на нивно доаѓање на власт.

Сашо Орданоски нема ниту еден настап кој не е на линија со СДС. Од тука легитимно се поставува прашањето дали ако се земе в предвид фактот што СДС не излезе и не го осуди ставот на Орданоски за САД и Трамп тие го делат истиот став?

Го пушти ли Венко Филипче, Сашо Орданоски, да го каже тоа што тој го мисли?

Жално е да се гледа на што се симна СДС да се натпреварува со Левица за опозициски гласови низ призмата кој е поголем анти Американец и анти Трамп.

Му даваме шанса на Венко Филипче и СДС да излезат и јавно да го осудат Сашо Орданоски, во спротивно сами се цементираат на дното на политиката.